РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став 1), точка 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации („Сл.весник на РМ“ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), на барање на корисникот, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 09.11.2017 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВА** одобрението за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број: 104416 со важност од 21.01.2009 до 21.01.2019 година издадено од Агенцијата за Електронски комуникации на ДПТУУ НАСТАСИЈА Соња ДООЕЛ Битола со адреса на ул. Питу Гули бр.40 – 11 од Битола поради тоа што не се платени надоместоците за користење на радиофреквенциите.

II

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации му издаде одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба под горе наведениот број на ДПТУУ НАСТАСИЈА Соња ДООЕЛ Битола со адреса на ул. Питу Гули бр.40 – 11 од Битола. Врз основа на одобрението издадени се фактури за надоместок за користење на радиофреквенции бр.08-0100/2016 и 08-0104/17. Бидејќи носителот на одобрението не ги платил фактурите доставено е писмено известување. На 03.11.2017година извршен е стручен надзор при што е констатирано дека носителот на одобрението не ја користи доделената радиофреквенција и не се наога на адресата од одобрението за користење на радиофреквенции.

Поради неплатени надоместоци за користење на радиофреквенциите спрема Агенцијата за електронски комуникации согласно член 24 став 1 алинеа 5 а во врска со член 147 став 3 точка (д) од Законот за електронските комуникации, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации по службена должност, донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-1333
Скопје, 13.11.2017

Изготвил: Александар Панчевски
09.11.2017

Раководител на одделение за фиксна и мобилна служба
Радка Шекутковска

Раководител на Сектор за радиокомуникации
Јане Јакимовски

**По овластување на Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство

www.aek.mk
ул. Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел. 02 32 89 200
факс. 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

СКОПЈЕ

Податоци за субјектот на надзорот:

Назив на субјектот: ДПТУУ НАСТАСИЈА Соња Дооел Битола
Адреса на седиштето на субјектот: ул. Пиц Гули бр. 40-11
Даночен број: 4002002143451
ЕМБС:
Жиро с-ка:
Банка депонент:
Тел./факс:
e-mail адреса:

Податоци за одговорното лице во субјектот на надзорот:

Име и презиме:
Место на живеење:
Датум на раѓање
ЕМБГ:
Трансакциона с-ка:
Депонент банка:
Тел./факс:
Адреса на привремено место на живеење:
Државјанство:
Занимање и функција што ја врши во субјектот на надзорот:

## ЗАПИСНИК

од извршен редовен надзор

Надзорот е извршен врз основа на член 35, став 2 од Законот за електронски комуникации.
(Членот од материјалниот закон)

Составен во врш просторија на Такси Монтол сопственост ДПТУУ Настасија Соња Битола
(Место на вршење на надзорот)

На ден 03.11.2017 година во 11:15 часот, по предметот:
Усогласување на користењето на параметрите од Одобрението за користење на радиофреквенции.
(се наведува содржината што е цел на надзорот од материјалните прописи)

Присутни при надзорот:
Миле Георгиевски – вработен во АЕК

(име и презиме на овластеното лице за вршење на надзор, странките и нивните застапници – полномошници)

Приказ на утврдената фактичка состојба и констатирани забелешки:
На ДПТУУ Настасија Соња Дооел Битола, доделена им е радиофреквенција 146,575 MHz со број на одобрение

104926 во копнена мобилна служба и со важност до 21.02.2018. Од претходно извршен мониторинг констатирано е дека радиофреквенциите не се користат подолг период. Од стручниот надзор утврдено е дека на адресата на која е регистрирано ДПТУ ~~Ана~~ Анастасија Соња ДООЕЛ Битола е направена промена на сопственост на станот на кој е регистрирана ДПТУ Анастасија Соња ДООЕЛ Во моментот на надзорот радиофреквенциите не се користат.

Изјави и други релевантни факти и околности:

Укажувања и препораки за надминување на евентуално утврдените повреди и недостатоци

Забелешка на лицата што учествуваат во вршење на дејствијата по читање на записникот:

| Потпис на присутни лица | Потпис на овластеното лице |
| --- | --- |
| | Тоде Митрески дипл.ел.инж. |

Причините за одбивање, доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот

Број: 0902-2835/2
03.11.2017 година

(М.П.)

**До:**

- Г-дин Сашо Димитријоски

Директорот на Агенцијата за електронски комуникации

**Предмет:** Извештај за извршен редовен стручен надзор на ДПТУУ Настасија Соња ДООЕЛ Битола

**Врска:** Известување за спроведување на редовен стручен надзор на ДПТУУ Настасија Соња ДООЕЛ Битола, бр. 0902-2835/1 од 30.10.2017 година

На ден 03.11.2017 година во 11:15 часот извршен е редовен стручен надзор врз основа на годишна програма за вршење надзор, во ДПТУУ Настасија Соња ДООЕЛ Битола.

При надзорот е утврдено дека ДПТУУ Настасија Соња ДООЕЛ Битола е корисник на Одобрение за користење на радиофреквенции бр. 104416 со важност до 21.01.2019 година и радиофреквенција 146М575.При надзорот е констатирано дека корисникот не ја користи радиофреквенцијата

Утврдена неусогласеност со Законот за електронските комуникации: нема
Предлог мерка за отстранување на утврдените неправилности: нема

Овластено лице за надзор
Тоде Митрески

Раководител на Одделение за контрола и
мониторинг на радиофреквенции-Битола
Петар Иваноски

Раководител на Сектор за контрола и
мониторинг на радиофреквенции
Јонче Грозданоски

Советник за радиокомуникации
Игор Бојаџиев

Наш број 0902-2835/3
Скопје ____________